CIVIL AVIATION AGENCY

**Потврда за одобрување на организација**

Confirmation of recognition of entity

| | | |
|---|---|---|
| | **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО** *REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA CIVIL AVIATION AGENCY* | АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО Република Северна Македонија |
| | | **Со ова се потврдува дека ДронБузз Аериал Сервисес е одобрена организација за спроведување на практична обука за вештини и оценување на далечински пилоти за STS-01/02** / *This is to confirm that DroneBuzz Aerial Services is a recognised entity for practical skill training and assessment of remote pilots for STS-01/02* |

| | | |
|---|---|---|
| **Класа/** *Class* | *STS-01/02* | **ОДОБРЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА /** ***RECOGNISED ENTITY*** Издадена во согласност со Регулативата на ЕУ 947/2019, транспонирана со Правилникот за воздухоплови без екипаж (СВ на РСМ 115/24) / *Issued in accordance with Commission Regulation (EU) 947/2019, transposed with UAS Regulation (Official Gazette of R of N. Macedonia 115/24)* |
| **Број/** *Number* | *001* | |
| **Датум/** *Date* | *17.07.2025* | |
| **Оператор** *Entity* | ДронБузз Аериал Сервис | |
| **Адреса на операторот** *Operator's address* | Ул.28 бр.3/А Радишани-Скопје | |
| **Број на телефон** *Telephone number* | +389 70949601 | |
| **e-mail** *Email address* | academy@dronebuzz.mk | |

Врз основа на член 9 став 1, член 17 и член 153 став 1, а во врска со член 51 од Законот за воздухопловство (Службен весник на Република Северна Македонија број 14/24) и согласно Уредбата (ЕУ) 2019/947, транспонирана со Правилникот за воздухоплови без екипаж (Службен весник на Република Северна Македонија 115/24), а врз основа на поднесената декларација од страна на операторот **DroneBuzz Aerial Services**, УП-бр.08-249/2025 од 23.05.2025 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. **Декларацијата на операторот на UAS – DroneBuzz Aerial Services од 20.05.2025 година** се прифаќа како целосна и во согласност со барањата утврдени во Член 5 и Прилог 1 од Регулатива (ЕУ) 2019/947), за што се издава Потврда со број 001 со важност од денот на донесување на ова Решение.

2. **Практичната обука на далечински пилоти (remote pilots)** може да се изведува според стандардните сценарија:

   - **STS-01** – операција во градски/урбан простор (VLOS, максимална височина 120 м, со заштитна зона);
   - **STS-02** – операција во рурални/ненаселени подрачја (BVLOS со визуелен помошник).

3. Обуката мора да се спроведува под услови опишани во доставената декларација и во согласност со применливите технички и безбедносни барања за STS-01 и STS-02, вклучувајќи:

   - Верификација на компетентност на инструктори;
   - Употреба на воздухоплови кои ги задоволуваат условите според Дел 2 од Додатокот на STS;
   - Запис на сите летови и обуки во книшката на летање;
   - Осигурување и проценка на ризикот во околината на обуката.

4. Операторот е должен веднаш да пријави какви било измени во условите под кои е поднесена декларацијата, вклучително и промена на типот на UAS, локацијата на обуката, или структурата на програмата за обука.
5. Ова одобрение е валидно се додека операторот ги исполнува сите услови наведени во важечките прописи.
6. Ова Решение стапува во сила со денот на неговото донесување

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046   т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk   www.caa.gov.mk

## О б р а з л о ж е н и е

**DroneBuzz Aerial Services** поднесе барање Уп.08-249/2025 од 23.05.2025 година.Кон барањето именуваниот достави Декларација со која има намера за спроведување практична обука и оценка на пилоти од далечина, доказ за уплата на надоместок според тарифникот на Агенцијата за цивилно воздухопловство и Operations Manuel. Поднесената декларација е оценета како комплетна и истата ги содржи сите потребни информации и ги исполнува стандардните барања за UAS операции во посебна (specific) категорија со примена на STS сценарија, согласно Регулативата (ЕУ) 2019/947 транспонирана со Правилникот за воздухоплови без екипаж (Службен весник на Република Северна Македонија 115/24).

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Решено во Агенцијата за цивилно воздухопловство под број УП бр.08-249/2025 од 30.07.2025 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка има право на судска заштита пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

**Доставено до:**
- DroneBuzz Aerial Services
- Одделение за летачка оперативна

Изготвил:ЈМ

**Воздухопловен инспектор**

**Виктор Боев**

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk